469.

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with
Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting
СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје
26. XI. 1965

# Јубилејна изложба на ликовната група ВДИСТ

**БИТОЛСКАТА ЛИКОВНА** група ВДИСТ (Видимче Пецо, Димовски Јован, Ивановски Методија, Спировски Перо и Трајковски Борислов) ја прославил десет годишнината од своето постоење. Овие петмина истакнати македонски уметници ја формираа својата група на 2 септември 1955 година и досега како ретко која друга асоцијација на уметници кај нас останаа единствени во настојувањато и афирмирањето на ликовната уметност. Досега групата и се има преставено на ликовната публика во Битола, Скопје, Белград, Загреб, Охрид, Прилеп и многу други центри во земјата. Членовите на ВДИСТ немаат ништо заедничко во областа на нивните уметнички креирања, туку нивното здружување дојде како последица на се побогатиот ликовен живот во Битола и потребата од неговото насочување кон постигнување потрајни ликовни остварувања. На јубилејната изложба во Уметничката галерија „Моша Пијаде“ во Битола членовите на групата се претставија со свои експонати низ кои гледачите можеа да го согледаат нивниот развоен пат.

Пецо Видимче и овој пат го видовме академски смирен, неговите експонати оставаа впечаток на една сигурност на палетата, на една одмереност во транспонирањето на нештата што сугерираа разиграна колоритност. Овој уметник уште еднаш не убеди дека располага со неисцрпна потенцијалност за длабоко проникнување во мотивот и изнаоѓање на неговата фигуративна карактерност, така што, кај него богатството на бои е само една од можностите за пренесување на неизвесностите кај ликовите („Фамилија“, „Вереници“), а неговото трагање во суштината на флората („Растенија“ I и II) му дава уште една платформа за ликовно обликување на предметите.



Јован Димовски изложи осум експонати со мотиви од трагедијата на Скопје (поплавите и земјотресот). Сугерирани преку темни фонови, сликите на Димовски моќне впечатливо ни ги асоцираат најтешките моменти на елементарната трагика. Се добива впечаток дека уметникот се фатил во судир со суштината на феноменот што го обработува („Евокација на една трагедија“, „Тектонски поместувања на земјата“, „Пркос против водата и бурите“) и преку една ненаметлива симболика успева да ни го долови страотниот свет на подмолното поместување на земјиштето. Од платната на Димовски зрачи една постојана потрага на убавото и во мотивите кои асоцираат нешто неподносливо, а тоа го добива со помош на неговиот немир кога е во прашање естетското вникнување на предметите.

Методија Ивановски е најразновиден по тематика од сите други членови на групата. Во неговата „Фамилија“ гледаме една неизвесност во судбината на трите ликови, а од друга страна една уверливост во креирањето на тоналитетот при што авторот во никој случај не го испушта од предвид основниот елемент на мотивот. Во „Роденденска честитка“ Ивановски е најсмирен, тука неговата палета оформила една прекрасна ситост на бои, додека во „Струмички нијанси“ преку оскудни елементи на струмичкото поднебје ни дава една цела асоцијација на градска атмосфера од која зрачи една постојана вдахновеност.

Перо Спировски е сликар на пелагониското поднебје, а од изложените експонати најубаво тоа може да се види преку „Пелагонија“ I и II и „Црвен крст“. Пејсажот кај Спировски е даден во апсолутна продлабоченост, тој трепери пред окото на гледачот, а планинските венци се гледаат како нешто до кое се доаѓа низ една распеаност низ просторот. Светлите тонови кај овој уметник придонесуваат за уште поголемо доčарување на Пелагонија, богата со бои и тонови, вакви што ретко ги има во другите предели. А до ова убедување доаѓаме со помош на верното сликање што го наоѓаме кај П. Спировски.

Борислав Трајковски порано беше свртен кон човекот. Неговите експонати од поранешниот период се „Две фигури“, „Портрет“ I, II и III. Ликовите на овој академски сликар чиниш кријат во себе една циничност, една недоверба во животот, а од друга страна од нив се вивнува непомирливост со животните тегоби („Портрет“ III). Трајковски е уметник со извонредно големо познавање на психата и неговите ликови ги носат со себе своите судбини како кошмар од чиј товар во никој случај не се способни да се ослободат. Уметникот го знаеме и од неговите понови остварувања врз мотиви од битолското поднебје (зашто него подеднакво го интересира и пределот како ликовен феномен) и голема е штета, што тој на оваа изложба се претстави вклучиво само со портрети.

Јубилејниот настап на ликовната група ВДИСТ докажа уште еднаш дека оваа асоцијација на овие талентирани уметници допрва ќе треба да ја обогатува македонската современа уметност, зашто тие тукушто се нашле во својот најплоден период.

**Доне ПАНОВСКИ**